Врз основа на член 20, член 24 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РС Македонија бр. 101/19) а во врска со поднесеното барање од бр. 02-2782 од 06.05.2021 година, Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (како имател на информации) го донесе следното

Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup
Бр.-Nr. 02-2782/2
12.05 20 21 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

## РЕШЕНИЕ

Се **ПРИФАЌА** барањето на (бр. 02-2782 од 06.05.2021 година), ул. „Христо Татарчев“ бр. 47ж/61, Скопје за пристап до информации од јавен карактер.

Му се овозможува увид на барателот бр. 02-2782 од 06.05.2021 година да се запознае со содржината на бараната информација со препис во истата.

### Образложение

Барателот на информации од јавен карактер на ден 06.05.2021 година достави барање до имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје со кое се бара: *„Листа на десет фирми, компании, повлатени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија (хидроцентрали) на кои им се исплатени најмногу средства во периодот 2010-2019 година, вклучително со исплатените суми на истите“.*

Информацијата ја бараат во препис на е-маил.

Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје по разгледување на барањето одговори позитивно и смета дека бараните податоци се од јавен интерес.

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на Решението.

ПРИЛОГ: Листа на десет фирми, компании, повлатени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија (хидроцентрали) на кои им се исплатени најмногу средства во периодот 2010-2019 година, вклучително со исплатените суми на истите

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение барателот на информации од јавен карактер има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје
Генерален директор,
**Kushtrim Ramadani**

Службени лица за посредување со ИЈК
Виолета Зајкова Стојановска
Андреј Јосифовски

Д-но
- Барател
- Службени лица за посредување со ИЈК
- Кабинет на ГД
- Архива